| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Политичка култура | | | |
| 2. | Код | 50700 | | | |
| 3. | Студиска програма | Политички студии на македонски јазик | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел) | Правен факултет „Јустинијан Први“ | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | прв | | | |
| 6. | Академска година /семестар | Трета година / шести семестар | 7. | Број на ЕКТС-кредити | 6 |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Ненад Марковиќ | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | нема | | | |

10\. Цели на предметната програма (компетенции):

Целите и резултатите кои треба да бидат постигнати се следните:

- Студентите треба да стекнат знаење од полето на историскиот развој на политичката култура како концепт во политичката наука а посебно низ призма на трите големи традиции – француската, германската и американската.
- Студентите треба да стекнат основно знаење во врска со најпознатите модели на политичка култура во академското поле (Алмонд и Верба, Хофстеде, Елазар, Клингеман, Фукс и Зиелонка).
- Студентите мора да стекнат солидно познавање на политичките култури во најголемите европски држави.
- Студентите треба да бидат запознаени со предизвиците на политичката култура во источна Европа по падот на Берлинскиот ѕид.
- Студентите треба да се запознаат со современите дебати од областа на политичката култура наглобално ниво.
- Студентите треба да развијат аналитички и презентациски вештини засновани врз индивидуални и групни презентации.

11\. Содржина на предметната програма:

Политичка култура е изборен предмет во рамките на политичите студии на Правниот факултет во Скопје.. Фокусот на предметот е предоминантно на дефинирање и објаснување на концептот на политичка култура како и на истражување на различни модели и конкретни случаи (општества) во рамките на дадената тема.

Предметот започнува со истражување на трите големи традиции во истражувањето на политичката култура (францускиот, германскиот и американскиот модел) а продолжува со најпопуларниот модел на политичката култура на познатите автори Алмонд и Верба т.е. моделот на граѓанска култура. Навлегувајќи подлабоко во предметот, тој се осврнува и кон современите модели на проучување и типологизирање на политичката култура низ призмата на авторите Арент Липхарт, Даниел Елазар, Герт Хофстеде а како природно продолжение се наметнува и посебното осврнување на испитувањето на политичката култура во источна Европа преку перспективата на Клингеман, Фукс и Зиелонка.

Конечно, во последните пет недели од предметот фокусот се свртува кон студентските презентации на тема карактеристики на политичката култура во големите европски држави како и на најновите тенденции во полето на политичката култура на глобално ниво (пост-советски блок, САД, блискиот Исток итн.).

12\. Методи на учење:

Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително: Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во рамките на материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор и асистентите. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.

Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Што се однесува до задолжителната литература, студентите ќе добијат подготвена хрестоматија во која ќе бидат поместени сите написи и дополнителни материјали кои студентите ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа која е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите.<br>1. ГЕНЕАЛОГИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА: ДА СЕ БИДЕ ДРУГИОТ – ФРАНЦУСКАТА СОЦИОЛОШКА ТРАДИЦИЈА<br>2. ГЕНЕАЛОГИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА: КУЛТУРАТА И СВЕСТА – ТРАДИЦИЈАТА НА КУЛТУРНАТА ФИЛОЗОФИЈА ВО ГЕРМАНИЈА<br>3. ГЕНЕАЛОГИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА: ИГРАЈЌИ ГО ДРУГИОТ – АМЕРИКАНСКАТА НАУКА ЗА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА И КУЛТУРАТА НА АМЕРИКАНСКАТА ПОЛИТИЧКА НАУКА<br>4. ГРАЃАНСКАТА КУЛТУРА<br>5. МОДЕЛИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА ВО ДЕЛАТА НА ДАНИЕЛ ЕЛАЗАР И АРЕНТ ЛИПХАРТ<br>6. ДЕМОКРАТИЈАТА И ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА ВО ИСТОЧНА ЕВРОПА<br>7. ХОФСТЕДЕ МОДЕЛ НА НАЦИОНАЛНИ КУЛТУРИ<br>8. ПОЛИТИЧКИ КУЛТУРИ ВО ЕВРОПА (1)<br>9. ПОЛИТИЧКИ КУЛТУРИ ВО ЕВРОПА (2)<br>10. ПОЛИТИЧКИ КУЛТУРИ ВО ЕВРОПА (3)<br>11. ПРЕОБМИСЛУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА (1)<br>12. ПРЕОБМИСЛУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА (2) | | | |
| 13. | Вкупен расположив фонд на време | 120 | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 52,5 часа предавања / 67,5 часа целосно оптоварување | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1. | Предавања- теоретска настава | 3,5 часа неделно |
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1. | Проектни задачи | |
| | | 16.2. | Самостојни задачи | |
| | | 16.3. | Домашно учење – задачи | 67,5 часа вкупно |
| 17. | Начин на оценување | | | |
| | 17.1. | Тестови | | |
| | 17.2. | Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна) | Есеј на тема од областа на пол.култура – 100% | |
| | 17.3. | Активност и учество | | |
| 18. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 50 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 19. | Услов за потпис и за полагање завршен испит | Присуство на најмалку 51% од наставата | | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Евалуација и самоевалуација | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Almond, Gabriel A. & Verba, Sidney | *The Civic Culture – Political Attitudes and Democracy in Five Nations.* | SAGE publications | 1989 |
| | | 2. | Brint, Michael | *A Genealogy of Political culture* | Westview Press | 1991 |
| | | 3. | Hofstede, Geert; Hofstede, Gert Jan & Minkov, Michael | *Cultures and organizations – software of the mind* | McGraw Hill | 2010 |
| | | 4. | Lijphart, Arent | *Patterns of democracy* | Yale University Press | 1999 |
| | | 5. | Klingemann, Hans-Dieter; Fuchs, Dieter & Zielonka, Jan (eds.) | *Democracy and Political Culture in Eastern Europe* | Routledge | 2006 |
| | | 6. | Eatwell, Roger | *European Political Cultures – Conflict or Convergence* | Routledge | 1997 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Реден број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |